# МАГИСТЕРСКА (ИИ ВТОР ЦИКЛУС) ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Педагошкиот факултет ќе понуди програма од ИИ[иот] циклус на студии кои водат до магистерски дипломи за Настава по англиски јазик к (ЕЛТ).

## 1. КРАТОК НА ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Целта на оваа програма е да им обезбеди на студентите солидни познавања од методолошката теорија и да ги запознае со вештините кои се потребни за примена на теоријата во практичната настава. Изборот на наставните планови и индивидуалните предмети се одраз на најновите трендови за природата на усвојувањето на вториот јазик како и на препознавање на локалните и регионалните наставни потреби и реалности. Бидејќи програмата примарно е креирана за говорители на англискиот јазик како странски јазик, постои и компонента за интензивно студирање на англискиот јазик со посебен акцент врз академското читање и пишување. Постојат и компоненти за истражување (квалитативни и квантитативни), академско , како и „модерно истражувањег кое ќе се спроведува во самата училница.

## 2. РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИИТЕ

Оние кои ќе дипломираат на ЈИЕУ во областа Настава по англиски јазик ќе се здобијат со диплома која не може да се добие никаде во регионот. Бидејќи , од една страна програмата е моделирана според најдобрите американски и британски програми за магистратури , а од друга прилагодена на регионалните потреби и ситуации, се очекува идните дипломирани студенти не само да предаваат туку и да помогнат при обуката на следната генерација на наставници по англиски јазик. Исто така , ако се земе предвид фактот дека дипломата е меѓународна , тоа ќе ги зголеми шансите на дипломираните да се вработат во меѓународни организации во земјава и странство и ќе ги квалификува за иден можен прием на програми за докторати во областа Настава по англискиот јазик.

## 3. ОПИС НА ПРОГРАМАТА И НА НАСТАВНИОТ ПЛАН

Програмата од ИИ [иот] циклус за Настава по англиски јазик ќе се состои од 90 ЕКТС кредити а наставата ќе се изведува редовно во времетраење од три семестри (30 кредити за секој). Програмата се состои од 5 главни предмети во првите два семестри и магистерска теза во последниот, трет семестар.

Семестар 1

- Методика на предавање на странски јазик
- Педагошка граматика на англискиот јазик
- Методологија на научно истражување
- Пишување
- Вокабулар

Семестар 2

- Усвојување и учење на втор јазик
- Области од посебен интерес во наставата по англиски јазик
- Англиски за специјални намени
- КАЛЛ (Изучување на англиски со помош на компјутер)
- Семинар за пишување на магистерска теза

Семестар 3

- Теза и практична работа (30 кредити)

## ИВ. Услови за запишување

Покрај општите барања за упис на програмите од ИИ$^{иот}$ циклус при ЈИЕУ , кандидатот треба да ги исполнува и следниве услови:

1) Диплома од И$^{иот}$ циклус (додипломски ) студии по Англиски јазик, Странски јазик, Педагогија, Филологија и сродни области (240 кредити)
2) Одлично владеење на англискиот јазик (ТОЕФЛ 580 бодови/237 компјутерски бодови, ИЕЛТС 6.5)
3) Основни компјутерски вештини
4) Просек на оцени поголем од 8.5
5) Позитивно мислење од комисијата за прием ( на студенти со дипломи од други дисциплини може да им биде наложено полагање на дополнителни предмети од додипломските студии)

МА во НАСТАВА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК (ЕЛТ)

## СЕМЕСТАР 1

**1. Методика и практика на наставата по странски јазик** (6 кредити)
*Краток опис на предметот:* Проучување на главните методи на предавање на странски јазик почнувајќи од класичниот граматички пристап се до комуникативниот пристап со силен акцент на практичната примена на методите во наставата по странски јазик.
Предавач: Ј.П. Логан
Асистент(и):

**2. Граматика** (6 кредити)
*Краток опис на предметот:* Практичен пристап кон најновите методи и стратегии на предавање граматика, почнувајќи од граматички вежби па се до техники за зголемување на свеста.
Предавач: И. Мехмети

**3. Методологија на научно истражување** (6 кредити)
*Краток опис на предметот*: Проучување на истражувачката работа и методите на истражување вклучувајќи групирање, поставување на хипотеза, тестирање и експериментално истражување. Преку овој предмет, студентите ќе се здобијат со потребните вештини неопходни за создавање, имплементирање и успешно завршување на истражувачки проект.
Предавач: Ф. Мухиќ

**4. Педагошко пишување** (6 кредити)
*Краток опис на предметот:* Целта на проучување на овој предмет се најновите методи на предавање пишување во наставата по странскијазик. Особено внимание ќе се посвети на концептот на пристап кон производ наспроти пристапите на ориентирање кон производ.
Предавач: Ф. Бигали
Асистент(и): Т. Хеиз (вонреден професор)

**5. Вокабулар** (6 кредити)

*Краток опис на предметот* .Овој предмет ќе се задржи на проучување на историските корени и мултидисциплинарните извори од кои потекнува оваа возбудлива област. Исто така ќе се занимава и со широк дијапазон на ефективни и практични стратегии кои ќе им помогнат на студентите во совладувањето на најчесто употребуваниот вокабулар за конверзација, академско изучување и професионални области.
Предавач: Ј.П. Колган
Асистент(и): Б. Фелдман, МА

МА во НАСТАВА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК (ЕЛТ)

## СЕМЕСТАР 2

1. **Усвојување и изучување на втор јазик** (6 кредити)
*Краток опис на предметот:* Проучување на психолингвистичките аспекти на изучувањето на втор јазик и на странски јазик.
Предавач:
Асистент(и):

2. **Англиски за специјални намени** (6 кредити)
*Краток опис на предметот:* Преку овој предмет студентите ќе се здобијат со критичка свест и разбирање на принципите и практиките на Англиски за специјални намени (ЕСП), како и со знаења и вештини за креирање и имплементација на ефективни ЕСП курсеви во соодветни области.
Предавач:
Асистент(и):

3. **К.А.Л.Л (Изучување на јазик со помош на компјутер)** ( 6 кредити)
*Краток опис на предметот:* Овој курс има за цел да им обезбеди на учесниците еден широк општ поглед кон изучучувањето на странскиот јазик со помош на компјутер. Тие ќе бидат вклучени во проучување на околностите во кои се одвива изучувањето на странскиот јазик преку разгледување на постоечките и можните примени на компјутерската технологија во наставата по странски јазик,
како и преку креирање на проекти за користење и проверка на знаењата здобиени со читање, дискусии и конкретни активности.
Предавач:
Асистент(и):

4. **Области од посебен интерес во наставата по англиски јазик**( 6 кредити)

*Краток опис на предметот:* Овој предмет не претставува еден единствен курс туку повеќе предавања и семинари на теми и трендови од областа на наставата по англиски јазик. Ќе има предавања од еминентни експерти на ова поле за теми како што се Критичко мислење во наставата по англиски, Повеќе интелигенции, Користење на литературни дела во наставата по англиски, Работа со мали деца, Учење засновано на конкретна задача, Поправање на грешки, Почитување на половите разлики, Индивидуални разлики, Оценување итн.
Предавач:
Асистент(и):

5. **Семинар за пишување на магистерска теза** (6 кредити)
*Краток опис на предметот:* Практичен курс за пишување на магистерска теза. Меѓу другото, вклучува и проучување на тоа како се истражува, како се селектира и користи соодветен стил, формат и како се избегнува плагијаризам.
Предавач:
Асистент(и):

МА во НАСТАВА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК (ЕЛТ)

## СЕМЕСТАР 3

**Теза (30 кредити)**: Магистерска теза. Поединостите во врска со ова ќе треба да бидат разработени и дефинирани во согласност со постоечките универзитетски и владини норми.